Навредите не се „лек за заздравување“ на економијата по коронавирусот

Голем број на таканаречени портали кои „никнуваат“ како печурки по дождот, пласираат бесконечни информации, како да ангажирале цела армија новинари и друг медиумски персонал. Всушност, тие успеваат да објават толку многу вести благодарение на „copy-paste“, едноставно крадејќи информации. Уште полошо, тие дури и ги искривуваат оригиналните информации, само за кликнувања. Наместо факти, тие искажуваат свои мислења, заборавајќи дека во новинарскиот кодекс јасно е кажано дека новинарите мора да прават разлика помеѓу факти и мислења, помеѓу вести и коментари. Во текстот што го анализирам, сето ова е испреплетено, фактите и мислењата не се поделени, додека во насловот се користи навреда. Кога на целото тоа ќе ја додадеме и сегашната состојба со пандемиијата од вирусот „Ковид-19“, нема како да отсуствуваат ваквите преплети за клик повеќе.

На 10 април 2020, насловот **„Министерот Ахемтај се стаписа кога слушна за пакетот помош во Северна Македонија“**, се појавува на многу страници од онлајн медиумите.



Всушност, оригиналниот наслов е: **„Соочување Аметај – Бектеши, економските мерки што ги презеле Албанија и Македонија“**, којшто можете да го најдете на веб страницата на ТВ Клан Албанија, таму каде што се одржува емисијата „Опинион“, а каде зборуваат двајцата министри.

Текстот и насловот кои се содржани во објавата на ТВ Клан не се исти со текстот обработен од другите медиуми што го цитираат. Последниве, (или едниот, бидејќи другите го украле), го фаворизираат едниот, а го навредуваат другиот министер. На веб-страницата на телевизијата има и видео каде во ниту еден момент не се гледа дека министерот од Албанија е „стаписан“ додека го слуша својот колега од Македонија.



Потоа, оваа вест, како обработена можете да ја најдете во онлајн медиумите на Албанија, Косово и Северна Македонија.

Значи текстот превземен е главно од некој друг медиум и тој дел од информацијата е целосно точен, во кој се користени делови од разговорот и соодветно се одвоени прашањата на новинарот со одговорите на двајцата соговорници.

Но, се појавува проблем кога во написот што го анализираме, се додава: министерот од албанска етничка припадност од Северна Македонија, станува „македонски министер“, министерот од Албанија „стаписан“ додека зборува неговиот „македонски“ колега, итн.

Таков пример е следниот пасус:

- Кога се соочи со оваа бројка, Ахметај се стаписа од непријатност, бидејќи една

земја многупати помала од Албанија повеќе му помага на бизнис секторот. Тој повторно го праша македонскиот колега за средствата што ги има одвоено за бизнис секторот и во моменти воочлива беше тензијата што ја имаше министерот Ахметај во студиото. Неодамна, министерот за Ковид, Арбен Ахметај, беше остро критикуван за селективниот начин што ќе се користи за поддршка на бизнис секторот, со заем од 100 милиони евра. Покрај сомневањата за селективност, има обвинувања и дека бизнисот банкротира принудувајќи ги да земат кредит над кредит.

> Kur u përballë me këtë shifër, Ahmetaj u përtyp nga sikleti, pasi një shtet shumë herë më i vogël se Shqipëria, ndihmon më tepër biznesin. Ai e pyeti sërish kolegun maqedonas për fondin që kishte alokuar për biznesin dhe në disa momente shihej tensioni që Ministri Ahmetaj kishte në studio.
>
> Kohët e fundit, Ministri i Covidit, Arben Ahmetaj, është vënë në kritika të forta për mënyrën selektive që do të përdoret për mbështetjen e biznesit, me 100 milionë euro kredi. Përveç dyshimeve për selektivitet, akuzat janë se biznesi po falimentohet duke i detyruar të marrin kredi mbi kredi.

Во овој пасус, меѓу другото, министерот од Албанија за држава, претприемништво и реконструкција, го нарекуваат и министер за Ковид. Значи, оваа формулација, покрај тоа што е непотребна, е и нелогична.

Според новинарскиот кодекс, новинарот треба да негува култура на говор и етика. Неучтивата комуникација со јавноста нема никаква врска со професијата новинар. Но, и покрај добрата новинарска практика, овој текст има голем број навредливи квалификации и стереотипи.

Значи, на една многу точна и коректна вест што е преземена од друг медиум, додадени му се елементи како што се: фотографија, име и презиме, навреди, кои пак, од друга страна, можат да предизвикаат едниот да биде вербално нападнат, а другиот да се издигне на пиедестал.

Во професионалните медиуми, коментарите и жанровите на информации се одвоени едни од други, додека навредите не се користат како оружје против никого, без разлика колку силни чувства му предизвикуваат на авторот нечии наводни постапки. За крај, се разбира, вирусот „Ковид-19“, покрај здравјето, ја погодил и економијата на секоја земја во светот, но овие анализи и споредби ќе се направат откако ќе помине пандемијата и пак од страна на стручни лица. Новинарите повторно ќе поставуваат прашања, а нивните текстови ќе треба да продолжат и тогаш да ги пишуваат само врз основа на факти.

Автор:
Онур Бајрамоглу, 15 години